Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-118/1

20-01-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-586/1 од 29.8.2024 година поднесена од со адреса на во против директорот на Средно општинско училиште Гимназија „ Кочо Рацин“ - Велес, , со седиште на ул. „Благој Ѓорев“ бр. 40 во Велес, за сторена дискриминација врз основа на членство во синдикална организација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (“Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 258/2020) на ден 13.1.2025 година го донесе следното

## **МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на директорот на СОУ Гимназија „ Кочо Рацин“ - Велес врз подносителката врз основа на членство во синдикална организација во областа на работата и работните односи.

## **Образложение**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**“) поднесена е претставка заведена под архивски број 08-586/1 од 29.8.2024 година, од страна на од против директорот на Средно општинско училиште Гимназија „Кочо Рацин“ - Велес, за сторена дискриминација врз основа на членство во синдикална организација.

Според наводите од претставката, подносителката е вработена во училиштето на неопределено време, како наставник по географија со полн фонд на часови. Претставката се однесува на наводна неправилна распределба на часовите во училиштето од страна на директорот. Имено, до моментот на поднесување на претставката подносителката имала 34 години работен стаж и била на 57 годишна возраст. Секоја година имала полн фонд на часови, редовно ги исполнувала своите работни обврски во редовната настава и воннаставните активности и нејзиното досие било чисто и со високи оцени од интегралната евалуација. Честопати нејзините ученици освојувале прво, второ и трето место на општински, регионални и државни натпревари. За учебната 2024/25 година, подносителката имала 16 часа во настава со 6 часа распределени во подрачното училиште ООУ „Св. Кирил и Методиј“ во Велес. Истакнува дека часови од проектни активности биле доделени на наставници кои не биле вработени на неопределено време, а имајќи ја предвид нејзината возраст и работен стаж, таа смета дека е онеправдана.

Во таа насока, подносителката смета дека таквото тенденциозно однесување било резултат на верувањето на директорот на училиштето дека кога таа била претседател на Синдикатот за образование, наука и култура, сакала да го отпушти од работа. Притоа, подносителката наведува дека е познато дека Синдикатот за образование, наука и култура не може да прима, ниту да отпушта наставници од работно место. Дополнително, наведува дека одлуката за распределувањето на часовите ѝ била соопштена 10 минути пред почетокот на Наставничкиот совет за утврдување на фондот на часови, од страна на директорот, а во присуство на друга вработена како сведок.

Во прилог на претставката беше доставена следната документација:

1. Потврда од лекар за

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 4.10.2024 година испрати Известување бр. 08-586/2 за произнесување по наводите од претставката до директорот на СОУ Гимназија „Кочо Рацин" - Велес,

На ден 7.11.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Произнесување по наводите од претставката од страна на директорот на СОУ Гимназија „Кочо Рацин" - Велес, заведено под бр. 08-586/3.

**Во однос на распределбата на часовите**, тој наведува дека истата се врши согласно потребите на училиштето и планот за распределба на часови, кој го одобрува директорот и Наставничкиот совет. Секој професор, вклучувајќи ја и подносителката, добивале часови врз основа на наставниот план и бројот на паралелки. Притоа, се наведува дека при распределбата на часовите нема никаква тенденција за дискриминација врз основа на возраста или работниот стаж, а истото не предизвикува никаква материјална или каква било друга штета на подносителката. Покрај ова, во последните неколку години училиштето се соочувало со континуирано намалување на бројот на ученици и паралелки, па од таа причина, распределбата на часовите се правела во рамки на реалниот број на часови во училиштето според наставниот план. Притоа, одредени предмети како географија не биле доволно застапени во секоја паралелка за да се овозможи полн фонд на часови.

**Во однос на дополнувањето на часовите во други училишта**, наведено е дека со цел да се постигне полниот фонд на часови, покрај подносителката и други наставници со долгодишен работен стаж биле распределени да предаваат и во други училишта. Се потенцира дека подносителката не е изолиран случај, туку е дел од вообичаен начин на работење во училиштето и други образовни институции каде има недостаток на часови.

**Во однос на фактичкиот основ за распределбата на часовите**, наведено е дека Решението за распределба на часовите било направено во согласност со Законот за средно образование и Законот за наставници. Одлуките за тоа кој професор колку часови ќе добие се засновале на бројот на паралелки и барањата на учениците, а не врз основа на лични и субјективни околности. Притоа, се наведува дека директорот редовно комуницирал со подносителката и професионално ѝ ги соопштувал сите одлуки во врска со нејзините работни обврски. Во продолжение, се наведува дека покрај подносителката, имало и други професори кои биле на слична возраст или со долгогодишен стаж, кои не реагирале негативно на распределувањето да предаваат и во други училишта, со цел да се пополнат часовите. Во тој контекст, наведува дека сите наставници се соочувале со иста ситуација – недостиг на часови во училиштето поради намалувањето на бројот на ученици.

**Во однос на тврдењата на подносителката за распределбата на часовите како резултат на нејзиното членување во синдикат**, наведено е дека училиштето ги почитувало сите законски права на вработените, вклучувајќи го и учеството во синдикални активности. Притоа, директорот укажува дека негова задача било да осигура фер и правична распределба на работните задачи и одговорности, независно од претходните активности на вработените во рамките на синдикатот. Во таа насока, наведува дека при донесувањето на неговите одлуки секогаш се консултирал со Наставничкиот совет и другите тела во училиштето. **Предлогот за распределба бил јавно презентиран и дискутиран пред наставниците на Наставничкиот совет, одржан на 22.8.2024 година и секој имал можност да постави прашање или да предложи корекции.** Тој потенцира дека распределбата на часови била

изгласана едногласно и немало никакви забелешки или приговори кои би индицирале дека истата е неправедна или дискриминаторска. Дополнително, наведува дека не постоеле обиди за вршење на притисок, ниту тенденција да се маргинализираат вработените врз основа на лични или професионални конфликти. Улогата на директорот била да обезбеди професионална средина каде секој ќе имал можност да ги исполни своите професионални обврски. Последно наведува дека тој соодветно ја вреднувал работата на подносителката и нејзиното долгогодишно работно искуство, но тоа не можело да претставува основ за доделување на повеќе часови од предвидените.

Заради целосен увид во фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 2.12.2024 година испрати Барање за доставување на информации бр. 08-586/4 до директорот на СОУ „Гимназија Кочо Рацин" - Велес, Комисијата побара да бидат доставени документи, одлуки, распореди и други релевантни акти од кои би можело да се види кога и на кој начин било извршено намалувањето на часовите и кај другите професори.

На ден 13.12.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен Одговор на барањето, заведен под бр. 08-586/5. Во одговорот се наведува дека **учебната 2024/25 година започнала со 19 паралелки во прва година, односно за 2 помалку паралелки од претходната 2023/24 учебна година.** Од таа причина биле настанати промени за подносителката и други 12 вработени на неопределено работно време кои фондот на часови требало да го дополнуваат во други училишта.

Во прилог на Одговорот беа доставени следните докази:

1. Преглед на неделен фонд на часови за учебната 2024/25 година;
2. Распоред на часови за учебната 2024/25 година;
3. Спогодби со вработени за дополнување до полниот фонд на часови.

По увид во наводите од претставката и приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

Од причина што бројот на ученици запишани во прва година во учебната 2024/25 година бил помал за разлика од претходната 2023/24 учебна година, биле формирани 19 паралелки, односно 2 помалку паралелки од претходната учебна година. Како резултат на тоа, бројот на часови во училиштето бил намален за предметните наставници. Од таа причина, засегнатите наставници, од кои и подносителката, биле распределени да предаваат и во други училишта во градот со цел да се дополни нивниот фонд на часови. Подносителката биле распределена да одржува 6 часови во ООУ „Св. Кирил и Методиј".

Член **6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што* ***се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа".*

Во смисла на наведеното, фактот што подносителката поради намален број на паралелки во прва година била распоредена да одржува 6 часови во друго училиште со цел да го надополни фондот на часови, само по себе не е доволно за да се извлече заклучок за дискриминаторски третман во споредба со некој друг. Ова од причина што за да постои дискриминација во конкретниот случај, потребно е да постои понеповолен третман кон подносителката во однос на останатите вработени во училиштето, поради нејзиното членување во синдикат. Во конкретниот случај, видно од доставените спогодби со вработени во училиштето за дополнување до полниот фонд на часови, и останатите вработени кои биле во слична состојба со подносителката, односно кои имале потреба да го дополнат фондот на часови, биле распределени да одржуваат настава во други училишта.
Оттука, Комисијата утврди дека не постоел различен третман од страна на директорот на СОУ Гимназија „Кочо Рацин"-Велес кон вработените во однос на распоредувањето на држење часови во други училишта. Дотолку повеќе, Комисијата утврди дека не постои ниту каузалност помеѓу наведената дискриминаторска основа во претставката и наводниот дискриминаторски третман, односно дека нејзиното минато дејствување во СОНК не претставувало причина за таа да биде распоредена да одржува настава и во друго училиште.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
-
-


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk